МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ОЦЕНУВАЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ВИЗУЕЛНО ВНИМАНИЕ – УВИД ВО КОГНИТИВНИ ПРОЦЕСИ

СТУДЕНТ: (ЃОРЃИ МАРУШОВСКИ)
БРОЈ НА ИНДЕКС: M218001
МЕНТОР: (ПРОФЕСОР Д-Р САШО МАНАСОВ)

Св. Николе,

јуни 2023

АПСТРАКТ

Во современиот бизнис, сè повеќе и повеќе компании се одлучуваат за невромаркетинг кој може многу да им помогне во истражувањето на пазарот, желбите и потребите на потрошувачите. Невромаркетинг претставува комбинација на невронаука и маркетинг. Со користење на невровизуелизација, т.е. слики, истражувачите со визуализација на мозокот можат да откријат дали рекламните пораки и кампањи од компаниите се ефектини и до кој степен. Иако сè уште невромаркетингот е ново поле во науката, има заинтересирани многу научници, истражувачи, компании, но и потрошувачи.

Овој магистерски труд се состои главно од 3 делови и тоа: теоретски, методологија на истражување и анализа. Трудот започнува со воведен дел каде што се објаснува за почетоците на маркетингот и за невронауката. Додека во теоретскиот дел се објаснува што е тоа невромаркетингот, што може да се постигне со невромаркетингот како наука. Во овој дел се опфатени и методите со кои може да се врши истражување во невромаркетингот. Исто така, во овој дел е детално објаснета методата eye-tracking (следење на очите). Оваа метода е објаснета поради тоа што со оваа метода ќе се врши истражување и ќе бидат прикажани резултати и анализи. Во делот на методологија на истражување ќе биде наведена методата и целокупното истражување како е извршено. Во третиот дел – анализа ќе бидат прикажани резултатите од истражувањето. И на крај во заклучокот ќе бидат дадени мислењата за невромаркетингот како наука и ќе бидат објаснети анализите од истражувањето.

Клучни зборови: невромаркетинг, маркетинг, неврологија, невропсихологија, невронаука, невромаркетинг-методи, психологија

СОДРЖИНА

ВОВЕД **1**

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ **4**

1 НЕВРОМАРКЕТИНГ 1 ..... **4**

1.1 Дефинирање на невромаркетингот **4**

1.2 Историски развој **12**

1.3 Детерминанти на невромаркетинготот **15**

1.4 Невромаркетингот во бизнисот **17**

2 НЕВРОМАРКЕТИНГ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ПАЗАРОТ **20**

2.1 Невромаркетинг – што истражува? **20**

2.2 Управувачки апликации на невромаркетингот во маркетингот **22**

2.3 Придонес на невромаркетинг во истражувањето на маркетинготот **24**

3 МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НЕВРКОМАРКЕТИНГОТ **26**

3.1 Електроенцефалографија (EEG) **27**

3.2 Функционална магнетна резонанца (fMRI) **32**

3.3 Следење на движењето на очите (eye-tracking) **37**

3.4 Техника за толкување на изрази на лицето **40**

3.5 Техники за следење на физиолошките промени **41**

3.5.1 Мерења на промени на кожата 42

3.5.2 Мерење на срце и респираторен систем – електрокардиографија (EKG) 43

3.5.3 Електромиографија на лицето (fEMG) 44

4 (EYE-TRACKING) СЛЕДЕЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ОЧИТЕ **46**

4.1 Анатомија на човечкото око **47**

4.1.1 Очно јаболко (bulbus oculi) 47

4.1.2 Додатни органи на око 49

4.1.3 Физиологија на видот 50

4.1.4 Свесна и потсвесна перцепција 50

4.2 Историја на следење на очите 51

4.3 Визуелизација за следење на очите 53

4.3.1 Топлински мапи 54

4.3.2 Патеки на погледот 56

4.3.3 Мапа на фокус 57

4.4 Метрика за следење на очите 57

4.4.1 Време на престој 58

4.4.2 Метрики поврзани со фиксирање 58

4.4.3 Метрики поврзани со кликнување на глувчето 59

4.4.4 Метрика на големината на зеницата 59

4.5 Компании кои нудат услуги за следење на очите 60

4.6 Eye-tracker уред 60

4.6.1 Tobii 61

4.6.1.1 Тракер за очи базиран на екран 62

4.6.1.2 Тракер за очи што може да се носи (наочари) 64

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 64

5 РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРАКТИЧЕН ПРОЕКТ СО КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОЧИТЕ - ВИЗУЕЛНО ПРОЦЕСИРАЊЕ, УВИД ВО РАБОТАТА НА УМОТ 64

5.1 Вовед 64

5.2 Што е технологија за следење на очите? 65

5.3 Метрики добиени од тракерот за следење на очите кои се користат во ова истражување 67

5.4 Цел на истражување на магистерската работа 68

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ДИСКУСИЈА 70

6 АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД БИОМЕТРИСКО СЛЕДЕЊЕ НА ОЧИТЕ: ПОЕДИНЕЧНИ И ЗБИРНИ АНАЛИЗИ 70

6.1 Поединечни анализи 70

6.2 Збирни анализи 82

6.3 Споредување на резултатите од двата методи на истражување 103

ЗАКЛУЧОК 107

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 109

ПРИЛОЗИ 120

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Основни области на биомаркетингот 7

Слика 2: Структура на мозокот во невромаркетингот 9

Слика 3: Емоционални предизвикувачи на бои 10

Слика 4: Интерес за истражување на задоволството на клиентите и корисничкото искуство од 2005 до 2014 година 15

Слика 5: Hans Berger и првата EEG машина 28

Слика 6: Пример на снимање со EEG апарат 29

Слика 7: Пример на EEG 30

Слика 8: Двата научници Paul Lauterburg и Peter Mansfield 33

Слика 9: Функциоална магнетна резонанца 34

Слика 10: Пример на сликање на мозокот со fMRI 36

Слика 11: Технологија за следење на движењето на очите со софтвер и хардвер 38

Слика 12: Пример за пратење на движењето на очите 39

Слика 13: Пример за програма за толкување на изрази на лицето 41

Слика 14: Мерење промена на кожа 42

Слика 15: Апарат кој се користи за мерење на промените на кожата 43

Слика 16: Пример за ЕКГ- резултат 44

Слика 17: Резултати од анализа со електромиографија на лицето 45

Слика 18: Пример за fEMG 45

Слика 19: Анатомија на око 48

Слика 20: Топлинска мапа 54

Слика 21: Пример 1 – визуелизација на топлинска карта, промена на дизајн 55

Слика 22: Пример 2 – визуелизација на топлинска карта, промена на дизајн 55

Слика 23: Патеки на погледот 56
Слика 24: Мапа на фокус 57
Слика 25: Eye-tracking техника базирана на екран 63
Слика 26: Eye-tracking техника базирана со наочари 64
Слика 27: Анкетен прашалник 68
Слика 28: Стимул (слика) за опсервација со екрански биосензор за следење на очи 69
Слика 29: Топлинска мапа (Heat map) на испитаник 2 71
Слика 30: Топлинска мапа (shadow style) на испитаник 2 72
Слика 31: Топлинска мапа, испитаник 2 72
Слика 32: Распоред на точки на фиксација, испитаник 2 73
Слика 33: Топлинска мапа на испитаник 3 74
Слика 34: Топлинска мапа (Shadow style) на испитаник 3 74
Слика 35: Топлинска мапа (Spotlight style) на испитаник 3 75
Слика 36: Топлинска мапа со точки на фиксација, испитаник 3 75
Слика 37: Топлинска мапа на испитаник 4 76
Слика 38: Топлинска мапа (Shadow style) на испитаник 4 77
Слика 39: Топлинска мапа и точки на фиксација, испитаник 4 77
Слика 40: Топлинска мапа на испитаник 5 79
Слика 41: Топлинска мапа и точки на фиксација на испитаник 5 79
Слика 42: Топлинска мапа за испитаник 11 80
Слика 43: Топлинска мапа – осветленост, испитаник 11 80
Слика 44: Топлинска мапа, сенка стил, испитаник 11 81
Слика 45: Топлинска мапа и поединечни фиксации (грозд) на испитаник 11 81
Слика 46: Динамичка фиксација на испитаник 11 82
Слика 47: Топлинска мапа (Heat map) 83
Слика 48: Топлинска мапа (Spotlight style) 83
Слика 49: Збирна топлинска мапа (Heat map – shadow style) 84
Слика 50: Динамичко збирно анализирање 86
Слика 51: Распоред на фиксации (грозд) на сите испитаници 86
Слика 52: Динамичко претставување на пет (5) испитаници 87
Слика 53: Fixation sequences на испитаник 2 88
Слика 54: Fixation sequences на испитаник 3 89
Слика 55: Fixation sequences на испитаник 4 90
Слика 56: Fixation sequences на испитаник 5 91

Слика 57: Fixation sequences на испитаник 11 92
Слика 58: Areas of interest на испитаник 2 94
Слика 59: Areas of interest на испитаник 3 95
Слика 60: Areas of interest на испитаник 4 97
Слика 61: Areas of interest на испитаник 5 98
Слика 62: Areas of interest на испитаник 11 100
Слика 63: Areas of interest (збирна) 102

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Збирна споредбена анализа 104
Табела 2: Поединечна споредбена анализа 105

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Анкетен прашалник за избор на сладолед ..... A
Прилог 2: Стимул (слика) за опсервација со екрански биосензор за следење на очите ..... B

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

MRI – магнетна резонанца

fMRI – функционалната магнетна резонанца

ЕЕГ – електроенцефалографија

MEG – магнетоенцефалографија

TMS – транскранијална магнетна стимулација

NMR – нуклеарна магнетна резонанца

UGC – содржина генерирана од корисници (user generated content)

GSR – галвански одговор на кожата (galvanic skin response)

ИТ – инфоматички технологии

fEMG – електромиографија

SWOT – Јаки страни, слабости, можности и закани (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats)

ВОВЕД

Во светот со маркетинг се занимаваат многу луѓе. Тие луѓе посакуваат само едно, а тоа е како да ги освојат купувачите со нивните производи и да бидат подобри од нивните конкуренти. Незамисливо е колку многу пари се трошат на вакви акции и кампањи. Ефектот е многу мал, иако ќе бидат потрошени многу пари, малку компании знаат како ефективно да воспостават врска со потрошувачите. Што е тоа што вклучува и предизвикува емоции во човечкиот мозок? – е прашање кое си го поставува секој продавач во одреден момент. Секој продавач сака да знае, да разбере како потрошувачите одлучуваат што да купат во одреден момент, а што не.[1]

Одговорот на ваквите прашања малку луѓе го знаат. Многу компании трошат огромни парични средства на маркетинг кампањи кои немаат ефекет или пак имаат многу мал ефект. Мнозинството на стручњаци и маркетери задолжени за брендирање се обидуваат да претпоставаат што сакаат потрошувачите. Многу гледаните реклами се сметаат за успешни, додека многу мал ефект постигнуваат повеќето реклами. Во повеќето случаи, маркетерите и компаниите се потпираа на среќа, случајност и повторување на истите кампањи од година во година, не сакајќи да започнат нешто ново и неистражено.[2] Кампањите понекогаш може да пренесат погрешна порака, понекогаш за таков тип кампања не е вистинското време, а понекогаш кампањата може да не е во согласност со вредностите на брендот. Често се случува производот да не е доволно добар за потрошувачот или пак не е создаден за целната група потрошувачи.[3] Зошто имаат слаби резултати маркетинг кампањите може да биде и поради несигурноста на аналитичките податоци. Врз основа на таквите погрешни податоци компаниите креираат производи и кампањи, бидејќи самиот начин на нивното истражување и разбирање на потрошувачите е погрешен. Компаниите кои вршат маркетинг истражување на пазарот сè уште се потпираат на несоодветни методи на истражување. Фокус-групите и анкетите се адекватни за некои производи, додека во многу случаи резултатите се погрешни бидејќи членовите во тие групи не одговараат искрено на прашања или се воздржуваат од давање корисни информации затоа што не сакаат да бидат различни од другите во групата. Понекогаш може да се срамат, дури и да не знаат што точно сакаат или што

[1] Predeep, D. A. (2010). The Buying Brain: Secrets for Selling to the Subconscious Mind . WestFord: Wiley.
[2] Lindstrom, M. (2008). Buyology. New York: Doubleday.
[3] Uebelhor, K. (2015). 8 Reasons Why your marketing campaign failed. ProofHQ .

е тоа што ги привлекува. За да може се открие што точно се случува во мозокот на потрошувачот и како тој донесува одлуки, мора да се разбере како функционира мозокот. Факт е дека човечкиот мозок секоја секунда може да обработи 11 милиони информации. Сите информации човекот ги прима преку сетилата, но повеќето од тие информации доаѓаат преку очите. Во една секунда свесно може да се обработат 40 информации, додека потсвеста на човекот го обработува остатокот од информациите. Тоа се повеќе од 10 милиони податоци со кои човечката потсвест се среќава секоја секунда.[4] Со големиот напредок на технологијата во последните години, постои можност да се истражи мозокот на потрошувачите со современи машини кои се користат за медицински цели. Со помош на овие машини, постои можност да се измери реакцијата на потрошувачот на маркетинг стимули и на тој начин подобро да се разбере како потрошувачот размислува и реагира на маркетинг активностите.[5]

На почетокот на магистерскиот труд се разработуваат основните поими кои се користат во биометриското истражување. Детално е објаснет концептот на биосензорско истражување како важен и круцијален сегмент на современиот маркетинг. За да може да се применува биосензорско мерење, потребна е примена на соодветна технологија, а тоа може да се оствари само со соодветно обучен наставен кадар за примена на ИКТ во биометриски лаборатории и соодветни услови. Користењето на технологијата како составен дел кај биосензорско мерење значи примена пред сè на нови технологии и алатки.

Во овој труд ќе биде даден осврт и на различни видови биосензори кои се користат за разбирање на човековото потрошувачко однесување. Ќе бидат опишани биосензорите и нивната примена во невромаркетингот, невропсихологијата, медицината и во многу други области. Постојат многу различни методи за преземање информации за структури и функции на мозокот. Човечкиот мозок е жив. Обликува како да се гледа околината, филтрира или истакнува предмети и информации што се најрелевантни за човекот. Создава свои сопствени приказни засновани на мисли, емоции, желби и искуства, и на крај го управува човечкото однесување.

Посебен осврт во магистерскиот труд ќе се посвети на реализирање на практична примена на биосензорски мерења, реализирани во современа

[4] Predeep, D. A. (2010). The Buying Brain: Secrets for Selling to the Subconscious Mind . WestFord: Wiley

[5] Plessis, E. D. (2011). The Branded Mind: What Neuroscience Really Tells Us About the Puzzle of the Brain and the Brand. London: Kogan.

лабораторија за биометриски истражувања, воспоставена на Славјански универзитет во Свети Николе. За таа цел, со примена на биосензор за следење на очите (eye tracker) ќе се реализира практично биосензорско истражување за конкретен пример од маркетинг. Под опсервација на екрански биосензор, испитаниците ќе се следат кога набљудуваат екрански стимул (избор на производот од неколку понудени). Притоа ќе се реализираат: топлински мапи (heat map), области на интерес (areas of interest), низи на фиксации (fixation sequences) каде се следи проширувањето на зениците на очите на испитаниците и фреквенцијата на трепкање и други метрики.

Исто така, ќе се реализира и анкетно истражување (традиционален метод) за исти стимули и ќе се споредат резултатите од двете истражувања: анкетно и биометриско. Ќе се реализираат соодветни статистички истражувања поврзани со двата методи на истражување.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1 НЕВРОМАРКЕТИНГ 1

Во ова поглавје ќе се објасни за теоретскиот дел на невромаркетингот. Прво се дефинира невромаркетингот, потоа неговиот историски развој, невромаркетинг детерминантите и невромаркетингот во бизнисот.

1.1 Дефинирање на невромаркетингот

Невромаркетингот може да се дефинира како маркетинг дизајниран врз основа на истражување на невронауката и е една од манифестациите на новата неврокултура, која нуди увид во развојот на наративи засновани на мозокот и потенцијалните проблеми што тие би можеле да ги постават за медицинската етика и јавното разбирање на науката.[6] Невромаркетинг е термин кој неодамна го доби своето значење бидејќи како дел од невронауката може да го предвиди однесувањето на потрошувачите и има важни импликации за академско-индустриските партнерства, одговорното истражување и јавното разбирање на мозокот. Студијата за невромаркетинг е релевантна во областа на психијатријата, професионалната етика, истражувањето на човековото однесување и политиката. За подобро разбирање на невромаркетингот, неопходно е да се дефинира маркетингот. Американската асоцијација за маркетинг го дефинира маркетингот како процес на планирање и извршување на концепцијата, цените, промоцијата и дистрибуцијата на идеи, стоки и услуги со цел да се создаде размена која ги исполнува индивидуалните и организациските цели. Маркетингот е интегрален дел од менаџерските задачи и одлуки насочени кон успешно постигнување можности и закани во динамично опкружување, преку ефективно развивање и пренесување на пазарна понуда која ги задоволува потребите на потрошувачите, на таков начин што ќе ги постигне целите на бизнисот, потрошувачите и општеството.

Schiffman и Kanuk зборуваат за маркетинг концепт кој инсистира компанијата точно да ги одреди потребите и желбите на специфичните целни пазари и да ги

[6] Fisher, C. E., Chin, L., Klitzman, R., *Defining Neuromarketing: Practices and Professional Challenges*, Harv Rev Psychiatry. 2010 Jul-Aug; 18(4): 230–237. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3152487/

испорача посакуваните задоволства подобро од конкуренцијата.[7] Различни автори различно го дефинираат маркетингот, но сите презентирани дефиниции имаат една заедничка работа, а тоа е дека маркетингот има за цел да ги задоволи потребите на потрошувачите, но и потребите на компаниите (профит и зајакнување на конкурентноста) врз основа на продажба на квалитетни производи. Денешните компании се соочуваат со зголемена конкуренција на пазарот кој е специјализиран и технолошки управуван во услови на глобализација, така што продавачите се стремат да брендираат производи, да обезбедат подобар и побрз пристап до производите, да обезбедат доволно информации за производите со цел да ги зголемат корисничките потреби, односно да обезбедат механизми за повратни информации за производите, да соберат информации за клиентите и нивните потреби, врз основа на кои тие ги учат преференциите на потрошувачите, желбите, задоволството итн.

Во имплементацијата на маркетингот се користи маркетинг миксот од кој зависи продажбата на производи или услуги и кој се состои од четири основни елементи и тоа: [8] производ, место, цена и промоција, познати како 4P. Кај производите, најважните детерминанти се квалитетот и иновативноста. Местото значи местото, локацијата на компанијата, каде што клиентите можат да побараат помош и поддршка, обезбедена од понудата/производителот. Цената ја претставува вкупната вредност на производот, вклучувајќи ги трошоците, корисноста, визуелната привлечност, длабочината на потребата на клиентот за производот, попустите, даноците итн. Промоцијата вклучува промотивни активности на компанијата кои ќе ги привлечат клиентите да го купат производот, така што вклучува употреба на медиуми како што се печатени, телевизија, интернет, радио, брошури итн. Секој од споменатите елементи е во интеракција еден со друг со цел маркетингот на производот да биде ефективен. За да го подобрат маркетингот, денешните компании се обидуваат да откријат врз основа на кои клиенти донесуваат одлуки за купување на производи, па тие се предмет на употреба на различни алатки, од кои едната е невромаркетингот.

Различни домени го добија префиксот „невро“, како што се невроестетика, невротеологија и неврообразование, кои се означени како неврокултура и се

[7] Gervase Iwu, C., *What is Marketing*?, March 2009
https://www.researchgate.net/publication/278241959_What_is_Marketing
[8] Galli, M., *Marketing Mix*, January 2021, Project: MRKT-3001 Marketing
https://www.researchgate.net/publication/348928774_Marketing_Mix

засноваат на објаснување на работата на мозокот, што прогресивно влијае на јавните поими за личниот идентитет, одговорност и каузалност. Невромаркетингот привлекува сè поголемо внимание, но неговите критични аспекти се недоволно истражени, особено областа на неговата употреба во пракса: постои загриженост за согледаните опасности од невромаркетингот дека веб-рекламите може да го најдат „вистинското место“ во мозокот на потрошувачот (манипулира со однесувањето на потрошувачите), но таквите мислења се сè уште прерани бидејќи моменталната состојба на технологијата за сликање не дозволува точни, детерминистички предвидувања на човечкото одлучување. Она што е веројатно е дека невромаркетингот ќе може да ги открие скриените информации во иднина за преференциите на потрошувачите. Некои научници веруваат дека таквата технологија веројатно ќе биде поевтина и побрза, во споредба со традиционалниот маркетинг.[9] Невромаркетингот како метод кој се применува во маркетингот на производите е значително популарен денес бидејќи се гледа како надеж да им обезбеди на маркетерите информации за корисничкото искуство што не може да се добие со конвенционални маркетинг методи.

Невромаркетингот како метод применет за маркетинг на производи е значително популарен денес бидејќи се смета дека на маркетерите ќе им обезбеди информации за корисничкото искуство што не може да се добие преку конвенционалните маркетинг методи. Главната цел на маркетингот е да обезбеди помош во усогласувањето на производите со луѓето, односно нивните преференции, така што се користи за двојно насочување на дизајнот и презентацијата на производите на таков начин што тие се покомпатибилни со преференциите на потрошувачите и за олеснување на процесот на избор за потрошувачот. Маркетерите ги постигнуваат таквите цели со тоа што на дизајнерите на производи им даваат информации за тоа што потрошувачите ценат и што сакаат, пред да се создаде производот, а штом производот ќе се појави на пазарот, маркетерите ја зголемуваат продажбата преку рекламирање и промоција.

Во согласност со горенаведеното, невромаркетингот се дефинира како примена на техники за невровизуелизација за продажба на производи, но и како деловна активност која бара невронаучно истражување на потрошувачите (потрошувачка невронаука), па во овој поглед, невромаркетингот се споредува со невроекономијата,

[9] Ariely, D., Berns, G. S., *Neuromarketing: the hope and hype of neuroimaging in business*, Nat Rev Neurosci. 2010 Apr; 11(4): 284–292 https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2875927/

која проучува различни аспекти на економското одлучување во реалниот свет. [10] Невромаркетингот им овозможува на истражувачите да добијат увид во несвесните двигатели на избори и преференции кои не би можеле да се откријат со традиционалните методи (фокус групи, длабински интервјуа и прашалници). Невромаркетингот ги комбинира бихејвиоралната економија, психологијата и неврологијата на потрошувачите како нејзини основни полиња, слика 1.

Бихејвиористичката економија испитува „што влијае на економските одлуки на луѓето и последиците од тие одлуки врз пазарните цени, приносите и распределбата на ресурсите“. Традиционалните економски истражувања претпоставуваат дека економските одлуки на луѓето се засноваат на правилото за максимизирање на корисноста. Спротивно на тоа, економијата на однесувањето не претпоставува дека луѓето се добри во максимизирање на корисноста или дека тоа е единствената цел на луѓето. Користејќи емпириски алатки, бихејвиоралните економисти претходно покажаа дека луѓето имаат психолошки предрасуди, ограничени когнитивни ресурси и загриженост за други вредности како што е правичноста, а сето тоа може да го поткопа нивното максимизирачко однесување.[11] Бихејвиористичкато економско истражување на однесувањето влијае на проучувањето на практикувањето на деловната етика и биоетиката.

Слика 1: Основни области на биомаркетингот



Извор: Изработка на авторот спрема: Mansor, A. A., Isa, S. M., Fundamentals of neuromarketing: What is it all about?*, Neuroscience Research Notes, December 2020., Volume 3, Issue 4*


[10] Ibidem
[11] Miller, J. E., Amit, E., Posten, A. C., *Behavioral Economics*, January 2016, In book: Encyclopedia of Global Bioethics (235-240)
https://www.researchgate.net/publication/305377222_Behavioral_Economics

https://www.researchgate.net/publication/346861948_Fundamentals_of_neuromarketing_What_is_it_all_about

Во биоетиката доминираат дебати за тоа која нормативна теорија е подобра за водење на одлучувањето и моралната должност, а биоетичарите често ги игнорираат емпириските докази кои покажуваат дека многу морални одлуки се засноваат многу помалку на рационално размислување, отколку на несвесни сублиминални дразби и ситуациони сили. Со користење на утилитарна или деонтолошка рамка, на пример, со користење на зборовите „ние“, „нас“ наместо „вие“, „тие“, на луѓето може да им се верува или визуелните претстави, за разлика од вербалните претстави на информации влијаат врз донесувањето одлуки со манипулирање со изборот на одреден производ во однос на друг. Ова покренува прашања за етиката на намерно манипулирање со архитектурата на изборот на луѓето со цел да ги предизвика специфичните резултати од одлуката, а Thaler и Sunstein го нарекуваат овој тип на охрабрување како форма на слободарски патернализам.[12]Компаниите се фокусираат на разбирање на функционирањето на мозокот на потрошувачот (Слика 1) за да разберат зошто им се допаѓаат одредени производи, но и зошто купуваат производи кои не им се потребни. Во горенаведеното им помага употребата на невромаркетинг, кој во овој поглед е средство за проверка на стимули (чувства, преференции, меморија) за реклами, производи и комуникација. Според Слика 2, структурата на мозокот во невромаркетингот се состои од три дела: рационален мозок или кортекс, лимбички и сензорен мозок, сместен во внатрешниот центар на мозокот и мозок на рептил.

[12] Miller, J. E., Amit, E., Posten, A. C., *Behavioral Economics*, January 2016, In book: Encyclopedia of Global Bioethics (pp.235-240), https://www.researchgate.net/publication/305377222_Behavioral_Economics

Слика 2: Структура на мозокот во невромаркетингот



Извор: Изработка на авторот спрема: Mallik, A., Shivamogga, P., Karnataka, I., Shaikh, A., Neuromarketing Managemental Applications in Marketing, September 2021., The Empirical Economics Letters 20(3):125
https://www.researchgate.net/publication/354552180_Neuromarketing_Managemental_Applications_in_Marketing

За подобро да се разбере претставената структура на мозокот, следува објаснување за секој дел: [13]

➢ Рационален мозок или церебрален кортекс - се состои од различни региони кои се одговорни за сортирање на сите примени статистички податоци кои се разменуваат помеѓу регионите преку клетките.


➢ Лимбички и сензорен мозок - тој е одговорен за обработка на сите информации што доаѓаат преку сетилата, а се состои од хипоталамусот регион, таламусот, вентралното медијално место и базалните ганглии; во таа област има ќелии со специфични карактеристики за примање сетилни дразби од веб-страници. Користените сетила се вид, слух, вкус, допир, температура, мирис, проприоцепција и електрична активност. По добивањето на сензациите во овие делови од мозокот, статистиката се испраќа во регионите според дразбите, а сè што се анализира во овие региони се нарекува интуитивна чудотворна машина.

[13] Mallik, A., Shivamogga, P., Karnataka, I., Shaikh, A., *Neuromarketing Managemental Applications in Marketing*, September 2021., The Empirical Economics Letters 20(3):125, https://www.researchgate.net/publication/354552180_Neuromarketing_Managemental_Applications_in_Marketing

➢ Рептилски мозок - ги контролира виталните функции на телото како што се отчукувањата на срцето, дишењето, телесната температура и рамнотежата; тој дел од мозокот е сигурен, но понекогаш може да биде и компулсивен. Во тој дел од мозокот статистиката се генерира со анализа на виталните функции на телото.

Бихејвиористичката економија е предмет на изучување на психологијата бидејќи се однесува на економскиот процес на донесување одлуки на поединецот, а со нивното проучување маркетерите можат подобро да ги разберат начините на привлекување внимание на мозокот на потрошувачот и како да ги натераат да купат нешто.[14]Маркетерите можат да ја користат психологијата на боите и на овој начин да подготвуваат производи, брендови и да развијат емотивна врска помеѓу клиентот и брендот, па така клиентот станува лојален на брендот на овој начин. Примери за поврзаноста помеѓу невромаркетингот, психологијата и економијата на однесувањето вклучуваат употреба на ефективно пакување (експертите за маркетинг се свесни дека пакувањето е многу важно за стекнување прв впечаток кај клиентите) и вториот чекор за користење на психологијата на бојата (трговците знаат како да влијаат на широк спектар на емоции на клиентите преку техниката за избор на боја). Студиите покажаа поврзаност помеѓу одредени бои и одредени емоции, така што ефективната употреба на психологијата е моќна маркетинг алатка која влијае на мозокот на потрошувачот. Слика 3 ги прикажува емоционалните двигатели на боите.

Слика 3: Емоционални предизвикувачи на бои



[14] Rada, T., *Applied Neuromarketing and behavioral economics techniques on consumers' decisions*, January 2021, Advisor: Dr. Timothy Hagen, https://www.researchgate.net/publication/348909708_Applied_Neuromarketing_and_behavioral_economics_techniques_on_consumers%27_decisions

Извор: Rada, T., Applied Neuromarketing and behavioral economics techniques on consumers' decisions, January 2021, Advisor: Dr. Timothy Hagen, https://www.researchgate.net/publication/348909708_Applied_Neuromarketing_and_behavioral_economics_techniques_on_consumers%27_decisions

По прикажаната илустрација може да се види дека:

➢ нијансите со црвена боја можат да предизвикаат емоции на возбудување (Excitement), енергија (Energy), страст (Passion), акција (Action), желба (Desire),

➢ нијансите со портокалова боја можат да предизвикаат емоции на оптимизам (optimistic), подигнување (uplifting), подмладување (rejuvenating), пријателство (friendliness) и забава (Fun),

➢ зелената боја влева чувство на надеж (hope), раст (growth), освежување (refreshing), рамнотежа (balance), уверливост (reassurance),

➢ нијансите на плава боја создаваат чувство на доверба (trust), одушевување (honesty), авторитет (authority), спокој (serenity), интелигентност (intelligence),

➢ нијансите на виолетова боја создаваат чувство на креативност (creativity), духовност (spirituality), индивидуалност (individuality), квалитет (quality), високи привилегии (royalty),

➢ жолтата боја создава чувство на среќа (happiness), ентузијазам (enthusiasm), пријателство (friendliness), оптимизам (optism), самоувереност (confidence).

Споменатите невромаркетинг бои се значајни во рекламирањето бидејќи предизвикуваат емоции кај луѓето (боите се ефективни во логоа, пакување итн.). Заклучоците за ефектот на гореспоменатите бои врз емоциите се добиени врз основа на истражување на луѓе ширум светот. Општо земено, терминот невромаркетинг првпат го користел германскиот професор Ale Smidts во 2002 година, кога го дефинирал невромаркетингот како:

„Проучување на церебралниот механизам за разбирање на однесувањето на потрошувачите со цел да се подобрат маркетинг стратегиите. Основач на дисциплината е Гери Залтман од Универзитетот Харвард, кој во 1999 година ја спроведе првата студија за FMRI како маркетинг алатка. Денес, невромаркетингот лежи на пресекот на психологијата на однесувањето, економијата и неврологијата на потрошувачите. Неврологијата на потрошувачите ги проучува когнитивните и афективните страни на човековото однесување“.[15]

Таквиот пристап кон свеста на потрошувачите покренува многу етички прашања, од прашањето за инвазивни стратегии (користење медицинска опрема за откривање на она за што потрошувачот не е свесен), до манипулација со преференции и избори (слободна волја и откривање на копчињата или слабите точки на клиенти за купување) каде што маркетингот се обидува да влијае на одлуките на потрошувачите без потрошувачите да бидат свесни за тоа, од искористување на емоции до сублиминални пораки (потрошувачите создаваат емотивни врски со брендот додека се идентификуваат со маркетинг порака). Невромаркетингот обезбедува силен увид и технолошки напредок во истражувањето на пазарот, особено во проучувањето на однесувањето на потрошувачите, во процесот на донесување одлуки, така што преку невромаркетингот се проучуваат конструкции на свесност, емоционална ангажираност, меморија, намери за купување, внимание на потрошувачите, брендирање, дизајн на производи и иновативност, ефективност на рекламирање, донесување одлуки од страна на потрошувачите и онлајн искуства.[16] Невромаркетингот користи невронаучни методи/техники кои фактички се користат за профит, а не за научни истражувања, што ги прави уште поетички сомнителни. Ваквите методи се користат за мерење на реакциите на испитаниците на различни стимули.

1.2 Историски развој

Како што беше претходно наведено во трудот, невромаркетингот, примената на невронаучните методи и согледувањата во маркетинг проблемите, се развија околу

[15] Ćosić, D., *Neuromarketing in Merket Research*, Interdisciplinary Description of Complex Systems 14(2), 139-147, 2016. https://www.indecs.eu/2016/indecs2016-pp139-147.pdf

[16] Mansor, A. A., Isa, S. M., *Fundamentals of neuromarketing: What is it all about?,* Neuroscience Research Notes, December 2020., Volume 3, Issue 4
https://www.researchgate.net/publication/346861948_Fundamentals_of_neuromarketing_What_is_it_all_about

2002 година, кога Smidts ја утврди својата дефиниција и го претстави како нова област на невромаркетинг. Сепак, првото спомнување на концептот на невромаркетинг во традиционалните медиуми се случува во 2008 година, а по Smidts, неговата презентација, во пракса и во академската заедница, беше опфатена во влијателната публикација на студијата кока-кола против пепси од 2004 година. [17] Невромаркетингот својот идентитет го разви преку низа практики кои придонесуваат за развој на полето на невронауката во маркетингот, кои беа објавени во трудовите „Marketing Letters“, а во 2012 година Levallois направи анализа на развојот на поширокото поле на невроекономијата, со наслов „Translating upwards“, објавена во Nature Reviews Neuroscience, во кое се врши емпириско истражување на невроекономијата и невромаркетингот, како интердисциплинарна заедница на научници кои се интегрирани во еден домен на знаење. Во 2014 година, Smidts го претстави развојот на дисциплината на потрошувачките невролошки науки, која беше споредена со областа невроекономија.[18] Денес има ограничен број на емпириски невромаркетинг истражувања, па затоа е неопходно да се направат нови кои ќе одговорат на предизвиците на доверливост и валидност. Модерноста е обележана со растот на интересот за полето на невромаркетингот, како резултат на технолошкиот напредок што доведе до иновативни решенија кои применуваат невромаркетинг техники, што го направи невронаучниот пристап моќна алатка која може да се користи во истражувањето на функционалноста на мозокот и несвесните реакции на човечкото секојдневие, како што се перцепцијата, обработката, проценките, реакциите кои влијаат врз донесувањето одлуки на потрошувачите за производите. Во последните десет години новите техники на невромаркетинг го свртеа финансискиот свет, кој е фокусиран на создавање лаборатории за невронаука насочени кон решавање на проблеми поврзани со економски трансакции, така што истражувачите од невронауката работат заедно со економисти за да ја проценат активноста на мозокот врз основа на монетарните вредности и расудувања, со цел да се разберат механизмите на потрошувачите кои се користат при одлучувањето.[19] Денешниот маркетинг свет се карактеризира со прашања поврзани со знаењето за

[17] Erasmus Centre for Neuroeconomics, *The History of Neuromarketing and Neuroeconomics*, 2020 https://www.erim.eur.nl/neuroeconomics/projects/detail/2329-the-history-of-neuromarketing-and-neuroeconomics


[18] Ibidem

[19] Benneth Iloka, C., Onyeke, K. J., *Neuromarketing: a historical review*, October 2020., Neuroscience Research Notes 3(3):27-35, https://www.researchgate.net/publication/344892735_Neuromarketing_a_historical_review

тоа што ги тера потрошувачите да избираат одредени производи и брендови, па затоа постои зголемен интерес за разбирање на реакциите на мозокот на процесите на одлучување. Бројот на невронаучни истражувања расте, а нивната цел е да го проучуваат одлучувањето преку анализа на мозочните реакции преку комбинација на невронаучни, економски и психолошки пристапи. Истражувањето на психологијата и однесувањето на потрошувачите е една од најголемите области на примена на економијата на однесувањето, со импликации за невронауката, а клучната област на конвергенција е поврзана со искуството на потрошувачите.[20] Во однесувањето на потрошувачите, разгледување на искуството на потрошувачите и задоволството на клиентите се значајни. Од 2005 до 2014 година, истражувањата за концептот на искуство на потрошувачите во пребарувачите на Google значително се зголемија, од 15 % на 26 %, додека концептот на задоволство на корисниците е во опаѓање, што е прикажано на следниот графикон. Според графиконот на слика 4, може да се забележи дека потрагата по задоволство на клиентите од 2004 до 2014 година е во опаѓање, додека потрагата по корисничко искуство е во пораст. Разликите во прикажаниот пад се должат на маркетиншките аспирации околу употребата на терминот корисничко искуство, како термин кој моментално е во мода. Маркетингот има зголемен интерес за создавање вредност во практиката на истражување на потрошувачите и невромаркетинг. Искуствата се под влијание на пристрасноста за потсетување, додека задоволството ги дефинира моменталните состојби на расположение и е фокусирано на оценување на животот. Задоволството вклучува состојби на среќа и благосостојба, кои на крајот резултираат со искуство (позитивно или негативно). Со други зборови, стекнувањето искуство создава сентиментални вредности, кои невронауката ги истражува во однос на производите.

[20] Samson, A. (ed.), *The Behavioral Economics Guide 2015*. http://www.behavioraleconomics.com/wp-content/uploads/delightful-downloads/2015/06/BEGuide2015.pdf

Слика 4: Интерес за истражување на задоволството на клиентите и корисничкото искуство од 2005 до 2014 година



Извор: Изработка од авторот спрема: Samson, A. (ed.), The Behavioral Economics Guide 2015. http://www.behavioraleconomics.com/wp-content/uploads/delightful-downloads/2015/06/BEGuide2015.pdf

Денес, клучните наоди од согледувањата на маркетинг истражувачите се дека корисничкото искуство, во однос на задоволството и другите варијабли, е најважно во предвидувањето на однесување на потрошувачите. Во иднина, неврологијата на потрошувачите може да се очекува да ги прошири своите граници за да ги вклучи генетиката и молекуларната невронаука, од кои секоја ќе обезбеди нови сознанија за индивидуалните разлики во донесувањето одлуки.

1.3 Детерминанти на невромаркетинготот

Најважните детерминанти на невромаркетингот се:

➢ сознанието дека тоа е „нов начин на истражување на потрошувачите”,

➢ употреба на технологија за сликање на мозокот за мерење на мозочната активност, која овозможува увид во мозочната активност кога е изложена на различни стимули (марка, лого, пакување, рекламни пораки и слични маркетиншки елементи),

➢ податоците добиени со помош на невромаркетинг технологијата се посигурни бидејќи не се испитува личноста, односно нејзиното мислење, ставови и изјави, туку нејзиниот мозок,

➢ сликањето на мозокот (невросликање) е една од најпропулзивните области на денешната радиологија - тоа е претставување на морфолошки структури и функционални процеси во мозокот,

➢ развојот на живописни согледувања е овозможен со технолошкиот напредок во последните дваесет години.[21]

Покрај горенаведеното, невромаркетингот според нобеловецот Francis Crick се карактеризира како неверојатна хипотеза, идејата дека сите човечки чувства, мисли, постапки, па дури и самата свест се всушност произведени од нервните активности во мозокот, што за маркетерите би значело дека оваа идеја е ветувачка затоа што може да ја намали неизвесноста и претпоставките кои традиционално ги попречуваат напорите за разбирање на однесувањето на потрошувачите.[22] Покрај горенаведеното, невромаркетингот ја одредува поврзаноста со психологијата и економијата на однесувањето и неврологијата на потрошувачите кои го проучуваат мозокот со цел да го предвиди и манипулира однесувањето на потрошувачите и нивните одлуки за купување.

Невромаркетингот има мерливи ефекти врз мозокот, што е докажано со истражувања во рекламирањето, брендирањето и другите маркетинг тактики, и како таков бара специјализирана опрема и вештини кои се надвор од дофат на повеќето компании, па ако извршните директори сакаат да ангажираат еден од многуте невромаркетинг даватели на услуги, тогаш треба да ги разберат карактеристиките на невромаркетинг техниките. Употребата на невромаркетинг техники е поефикасна од традиционалните пристапи при спроведување на истражување, бидејќи традиционалните пристапи имаат својствени слабости како што се испитаниците не се отворени за своите чувства и преференции, луѓето лажат кога им е непријатно, она што го велат не е секогаш совршена претстава за што има во нивните мозоци

[21] Ćosić, D. (2016). Neuromarketing in market research.Interdisciplinary Description of ComplexSystems
[22] Harrell, B., *Neuromarketing: What You Need to Know*, Harvard Business Review, 2019 https://hbr.org/2019/01/neuromarketing-what-you-need-to-know

итн.[23] Денес, невромаркетингот е важен во деловното работење, особено во областа на веб-рекламирањето.

1.4 Невромаркетингот во бизнисот

Eye-tracker е уред со чија помош е можно да се набљудуваат движењата на очите на тестираниот субјект и во исто време неговото целокупно внимание. Всушност, тоа му овозможува на истражувачот да види низ очите на учесникот. Поголемиот дел од современите тракери за очи користат блиска инфрацрвена технологија заедно со камера со висока резолуција или друг оптички сензор за следење на насоката на погледот.[118] Постојат два главни уреди за следење на очите достапни на пазарот, тоа се: засновани на екран (исто така далечински или десктоп) и тракери за очи што се носат. И двете техники ги прекодираат движењата на очите, единствената разлика е во тоа што очилата го прават тоа од непосредна близина, а техниката базирана на екран од одредена далечина. За испитаникот тоа значи дека ако користи опрема заснована на екран, нема потреба да прикачува ништо, бидејќи опремата е поставена во близина на компјутер, од друга страна испитаникот треба да биде на едно место.

---

[115]Tobiipro.com. Choosing Eye Tracking Metrics. [online]: https://connect.tobii.com/s/article/understanding-tobii-pro-lab-eye-tracking-metrics?language=en_US

[116] Gazehawk.com. GazeHawk – Webcam Eye Tracking – Ad Testing and Optimization. [online] Available at: http://gazehawk.com//

[117] RealEye | Eye-tracking made easy. RealEye. [online] Available at: https://www.realeye.io/

[118] Eye tracking. Copenhagen: Imotions. https://imotions.com/blog/learning/best-practice/eye-tracking/

Спротивно на тоа, мобилните тракери за очи може да се користат за набљудување во која било реална или виртуелна средина, бидејќи на испитаниците им е дозволено слободно да шетаат.[119] Во последните години има огромна побарувачка за користење на eye-tracking методот во маркетингот. Тоа помага во маркетинг истражувањето да се прикажат визијата и желбите на клиентите за да може одредената компанија да ги приспособи своите производи на потребите на потрошувачите и благодарение на тоа да добие подобра позиција на пазарот.[120]

4.6.1 Tobii

Tobii е најголемата компанија која работи во областа на развој на полето за следење на очите. Истовремено, се фокусира на производство на тракери за очи и нивна дистрибуција низ целиот свет. Оваа компанија влече корени во Шведска и е основана во 2001 година од тројца партнери – Џон Елвесјо, Мартен Ского и Хенрик Ескилсон кои беа убедени во потенцијалот за користење на следењето на очите.

Една година по лансирањето на компанијата Tobii, во 2002 година, беше претставен првиот plug-and-play 2 eye-tracker под името Tobii ET17. Овој уред помогна нагло да се подобрат методите и резултатите добиени од следењето на очите. Во исто време, тој стана сигурен инструмент за истражувачите, кои добија подобри можности и увид во истражувањето на човековото однесување. Издавањето на Tobii ET17 се однесува на „раѓањето“ на Tobii Pro, кој е оддел на компанијата Tobii. Tobii Pro е специјализиран за стекнување нови знаења за човековото однесување.

Во 2004 година, Tobii влегува на пазарот со помошна технологија (технологија која им помага на лицата со хендикеп). Тоа беше првиот производ од ваков вид во сферата на асистивната комуникација користејќи го методот за следење на очите, MyTobii D10. Благодарение на ова, се појави нова филијала на оваа компанија, чие име е Tobii Dynavox. Во истата година, Tobii отвори уште една подружница во САД. Една година подоцна, беше претставен првиот компјутер со вграден софтвер и хардвер со помош на следење на очите, MyTobii P10. Во следните години, компанијата се здоби со неколку подружници, со што ја зајакна својата позиција на пазарот на асистивната технологија, првенствено во Северна Америка благодарение

---

[119] Eye tracking. Copenhagen: Imotions. https://imotions.com/blog/learning/best-practice/eye-tracking/

[120] Wedel, M. (2013). Attention Research in Marketing: A Review of Eye Tracking Studies. [ebook] SSRN Electronic Journal. Available at: https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2460289

на највисокиот комуникациски софтвер. Во 2008 година, Tobii отвори нови подружници во Германија, Јапонија и Кина. Со лансирањето на серијата Tobii T/X и Tobii Studio, комплетниот сет на хардвер и софтвер за следење на очите, им дава можност на програмерите ширум светот да започнат сопствено истражување и да се фокусираат на сопствените интереси и потреби. Во 2010 година, компанијата Tobii ја разви првата генерација на очила со технологија за следење на очите. Tobii Glasses овозможуваат проучување на однесувањето во реалниот свет.

Следниот важен чекор за одделот Tobii Tech беше во 2014 година, кога тие откриja софтверски комплет за развој за развивачи на игри и други апликации, Tobii EyeX. Истата година, нивните очила 2 беа претставени на светот, втората генерација на очила од компанијата Tobii со помош на следење на очите. Потоа го претставија и Tobii IS3, најсигурниот систем за следење на очите што се користи во овие производи: Tobii DynaVox, SteesSeries и Tobii Tech. SteesSeries е водечки снабдувач на додатоци за компјутерски игри и во 2015 година почнаа да го продаваат SteelSeries Sentry – тракер за очи за љубителите на игри – во соработка со компанијата Tobii. Следејќи ги претходните настани, развивачите на игри на Ubisoft и Avalanche Studios започнаа прва соработка со Tobii и ја интегрираа технологијата за следење на очите во нивните водечки наслови на игри. Во 2016 година, првите гејмерски преносни компјутери со технологија за следење беа направени и претстави од MSI, Dell Alienware и Acer. Таа година беше претставен и паметен телефон Huawei Honor Magic, кој располага со функции за следење на очите. Следната година беше, исто така, многу продуктивна и успешна, одделот на Tobii Dynavox направи огромно обновување на влезното портфолио на производи, со додавање на првиот таблет за говор на допир - Indi, софтвер за комуникација Snap заедно со EyeMobile Plus и PC Eye Plus - производ за контрола на очите. [121]


4.6.1.1 Тракер за очи базиран на екран

На слика 25, е прикажан начинот на кој функционира тракерот за очи базиран на екран. Овој тип на тракер за очи е составен од камера, проектори и алгоритми. Проекторот развива шаблони на блиска инфрацрвена светлина на окото и камерата прави високофреквентни слики од очите и шаблоните на учесникот. Алгоритмите

[121] Tobiipro.com. How do Tobii Eye Trackers work? - Learn more with Tobii Pro. [online] Available at: https://www.tobiipro.com/learn-and-support/learn/eye-tracking-essentials/how-do-tobii-eye-trackers-work/

што ги обработуваат направените слики бараат конкретни детали во шемата и очите на учесникот. Врз основа на овие елементи, математичките алгоритми ја пресметуваат позицијата на очите и точката каде очите гледаат, на сликата погоре оваа точка е прикажана на мониторот.

Слика 25: Eye-tracking техника базирана на екран




Извор:https://connect.tobii.com/s/article/How-do-Tobii-eye-trackers-work?language=en_US

На слика 26 може да се види како функционира тракерот за очи што може да се носи. Се заснова на истите принципи како и тракерот за очи базиран на екран и е формиран од истите основни компоненти за следење на очите како што се камерите, илуминаторите, единицата за обработка што содржи детекција на слики, алгоритми за мапирање поглед и 3D модел на очи.

4.6.1.2 Тракер за очи што може да се носи (наочари)

Слика 26: Eye-tracking техника базирана со наочари



Извор: https://connect.tobii.com/s/article/How-do-Tobii-eye-trackers-work?language=en_US

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

5 РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРАКТИЧЕН ПРОЕКТ СО КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОЧИТЕ - ВИЗУЕЛНО ПРОЦЕСИРАЊЕ, УВИД ВО РАБОТАТА НА УМОТ

5.1 Вовед

Истражувањето го реализирав во лабораторија за биометриски истражувања на Меѓународен славјански универзитет во Свети Николе. Практичните мерења на визуелно внимание на испитаници се оформени со користење на интелигентен биосензорски систем за следење на очи: биосензорски уред за следење на очи (Smart Eye AI-X) и софистициран софтвер (iMotions – Данска) за обработка и анализа на добиени податоци од следење на очи на повеќе испитаници. Испитаници се студенти

од различни факултети на Славјански универзитет кои доброволно учествуваа во реализација на ова практично истражување.

5.2 Што е технологија за следење на очите?

Тоа е современа технологија за снимање и проучување на движења на очи при следење на подвижен предмет, печатен текст, слика, веб-страница или друг визуелен стимул, што се користи како дијагностичка постапка или средство за проценка и подобрување на визуелна презентација на информациите.

Денес, иновативните научни истражувања во неврологија и психологија донесоа многу придобивки во процесот на донесување одлуки и отворија нови видици во нови научни дисциплини: **невромаркетинг** и **невропсихологија**. Технологијата за следење на очи со користење на биосензорски системи дава одговори на следните прашања:

- Каде гледаме?
- Што гледаме и колку време го задржуваме погледот гледајќи го тоа?
- Како реагираат испитаниците од различни целни групи на различни визуелни стимулации?
- Кога точно трепнуваме (и колку често) и каква е дилатацијата (проширување и собирање) на зениците на очите?

Едноставно, биосензорското следење на очи се однесува на прецизно мерење на активноста на очите – го опишува снимањето на позицијата и движењето на очите во средина што овозможува оптичко следење на рефлексиите на рожницата за да се процени визуелното внимание на испитаниците (поединечно за секој посебно и збирно за сите заедно).

Биосензорот за следење на очи (eye tracker) користи далечински неинтрузивен метод за следење на очи, лесен е за користење и претставува корисна алатка за истражување на човековото однесување. Овозможува да се реализираат објективни мерења на движења на очите во реално време. Современите тракери за очи користат инфрацрвена технологија заедно со камера со висока резолуција која ја следи насоката на погледот (го следи центарот на зеницата), со нејзина јасна демаркација. Се користи инфрацрвена светлина (не е воочлива за човечкото око) која генерира контролирана спектрална рефлексија (за разлика од светлина од видливиот спектар).

Во ова истражување користев екрански базиран тракер за очи (Screen-based eye trackers). Испитаниците седат пред екран на кој е поставен одреден стимул кој е цел на опсервација. Пред почеток на секое снимање се прави калибрација за секој испитаник за да се овозможи добивање на прецизни податоци.

Денес водечките светски компании активно го користат следењето на очите за:

- да го проценат вниманието на потрошувачот насочено кон значајни пораки и рекламирање.
- да ги проценат перформансите на производите и услугите.
- да го проценат дизајнот и пакувањето на производите.
- да го проценат целокупното искуство на потрошувачите, што ќе им овозможи да креираат успешна маркетинг стратегија.

Следењето на очите ни овозможува да го измериме визуелното внимание и објективно да следиме каде, кога и што гледаат испитаниците. Ако тракерот за очи (што се користи во оваа магистерска работа) мери 60-пати во секунда, секоја точка на погледот претставува шеесетти дел од секунда (или 16,67 милисекунди). Серија од точки на поглед кои се наоѓаат близу во време и опсег, формираат кластер на поглед кој претставува фиксација (времетраењето на фиксацијата е 100 – 300 милисекунди).

Човекот е она на што обрнува внимание. Ако набљудуваме (испитуваме) нешто и го насочиме вниманието кон него, ние не само што сме го избрале тоа, туку и не сме избрале други нешта. Ние даваме приоритет на нешто пред сè. Она на што го задржуваме нашето внимание, нашиот поглед е најинтересно за нас во одреден момент. Ова е од клучно (круцијално) значење за проучување на човековото однесување. Ни овозможува преку повеќе испитаници, да видиме како тие гледаат на светот – кои карактеристики или особини ги перцепираат (прифаќаат, им се допаѓаат) и кои ги игнорираат.

Човекот е претежно визуелно суштество – наше најкористено чувство во секојдневното живеење е видот и затоа следењето на нашето визуелно искуство може многу да ни каже за вниманието. Со креирање компјутерско мапирање на погледот во процесот на анализа на податоци добиени од биосензорот за следење на очите, може да разбереме на што испитаниците обрнуваат внимание.

Во истражувањето за набљудување се користи колор слика како стимулирачки материјал. Инфрацрвената камера вградена во биосензорот за следење на очите е калибрирана со системот за координација на главата и преклопувањето на движењата на очите врз екранскиот стимул на камерата е синхронизирано со движењето на главата.

5.3 Метрики добиени од тракерот за следење на очите кои се користат во ова истражување

a) Топлински мапи (Heat maps)

Претставуваат статички и динамички точки на поглед кои детектираат дистрибуција на визуелно внимание. Визуелизираат кои сегменти од стимулот привлекуваат внимание. Црвените области сугерираат зголемено ниво на интерес (голем број на точки на поглед). Жолтите и зелените области означуваат помалку точки на поглед (помало ниво на интерес). Области од стимулот без боја покажуваат дека не се од интерес на испитаниците.

b) Области на интерес (Areas of Interest - AOI)

Се дефинирани кориснички подрегиони (бафер зони) на екранскиот стимул кои се користат за оценување на перформансите на неколку однапред селектирани специфични области на стимулот. Се користат за споредување на група на испитаници или различни карактеристики во стимулот.

c) Низи на фиксации (Fixation sequences)

Се генерираат врз основа на: каде гледаат испитаниците, колку време тие поминале во гледање на одреден детаљ од стимулот и даваат редоследен увид на вниманието (каде погледнале испитаниците). Рефлектираат кои сегменти од стимулот ќе привлечат внимание од испитаниците.

d) Проширување и собирање на зеница (Pupil dilation/ *constriction*)

Зениците во очите реагираат на стимулирачки материјал (екранска слика како стимул). Промената на големината на зеницата е индикација за емоционална возбуда и когнитивен обем на работа. Проширувањето на зеницата е пропорционално на јачината на возбудата. Одговорите на зеницата се користат како мерка за

емоционална возбуда, но не може да се одреди валентноста на емоцијата (позитивна, негативна или неутрална). Тоа се одредува со биосензор за анализа на изрази на лице.

е) Трепкање (Blinks)

Трепкањето е значаен индикатор кој може да обезбеди суштински информации за когнитивен обем на работа (cognitive workload). Ниската фреквенција на трепкање е поврзана со повисоко ниво на концентрација, а високата фреквенција на трепкање е индикативна за: поспаност, пониско ниво на фокус и пониско ниво на концентрација.

5.4 Цел на истражување на магистерската работа

Да се направи споредување при реализирани две (2) истражувања: анкетен прашалник и биосензорско следење на очи на група испитаници. Екранскиот стимул е слика од четири (4) понудени опции за избор на сладолед.

Слика 27: Анкетен прашалник

Анкетен прашалник за избор на СЛАДОЛЕД

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК (self-report)

Испитаник:

Во дадениот слика, **заокружи** го оној сладолед што најмногу ти се допаѓа:

Сладолед 1



Сладолед 2



Сладолед 3



Сладолед 4



Извор: Сопствен од авторот

На анкетниот прашалник секој испитаник треба да заокружи кој вид на сладолед најмногу му се допаѓа.

Стимулот (понуден избор од 4 различни сладоледи) се прикажува на компјутерски екран и секој испитаник има 10 секунди време за да го следи понудениот предлог за избор на сладолед. Цел е да се измери визуелно вниманието на група испитаници кога набљудуваат даден стимул. Ова овозможува да се креира дистрибуција на визуелно внимание и да се одредат нивоа на интерес (визуелен приказ кои елементи од стимулот привлекуваат најголемо внимание).

Слика 28: Стимул (слика) за опсервација со екрански биосензор за следење на очи



Извор: Сопствен од авторот

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ДИСКУСИЈА

6 АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД БИОМЕТРИСКО СЛЕДЕЊЕ НА ОЧИТЕ: ПОЕДИНЕЧНИ И ЗБИРНИ АНАЛИЗИ

Пред да се започне со биосензорско снимање, се реализира процес на калибрација (за секој испитаник посебно). Калибрацијата мора да биде: excellent или good (услов за да се продолжи со снимање). Во случај на poor, се прави recalibration сè додека не се добие посакувана калибрација.

а) Топлински мапи (Heat maps - Attention maps): поединечни и збирни анализи

Претставуваат одличен визуелен метод за прикажување кои сегменти на стимулот привлекуваат најголемо внимание (ниво на интерес). Топлинските мапи прикажуваат поединечни и збирни агрегации (на секој испитаник одделно и на сите испитаници заедно).

6.1 Поединечни анализи

На слика 29 е прикажана топлинска мапа која прикажува дистрибуција на визуелно внимание на испитаник 2. Може да се забележи за кој вид на сладолед испитаникот покажал најголем интерес. Се разбира дека неговиот интерес е на три вида на сладолед (другите метрики подолу ќе покажат прецизно колкав е неговиот интерес за секој вид сладолед).

Слика 29: Топлинска мапа (Heat map) на испитаник 2



Извор: Сопствен од авторот

Со понудената технологијата (биосензорски систем) за следење на очи може да се креираат различни стилови на топлински мапи.

На слика 30 е прикажана топлинска мапа во стил со сенки (shadow style). Овој визуелен начин на претставување индицира: колку е поголема површината на сенката, толку е повисоко нивото на интерес од страна на испитаникот.


Слика 30: Топлинска мапа (shadow style) на испитаник 2



Извор: Сопствен од авторот

На слика 31 е прикажана топлинска мапа Spotlight стил за испитаник 2.

Слика 31: Топлинска мапа, испитаник 2



Извор: Сопствен од авторот

Слика 32 дава визуелна претстава на на фокусирано внимание на испитаник 2. Прикажана е топлинска мапа и распоред (грозд) на фокусирани фиксации. Може да се забележи на кои сегменти на стимулот испитаникот најмногу го фокусирал своето внимание.

Слика 32: Распоред на точки на фиксација, испитаник 2



Извор: Сопствен од авторот

На слика 33 е прикажана топлинска мапа креирана за испитаник 3. Оваа топлинска мапа недвосмислено покажува дека овој испитаник покажал најголем интерес за сладолед 2, додека за другите видови сладолед не покажал никаков интерес. Тоа значи дека најмногу време неговиот интерес бил фокусиран на овој вид сладолед.

Слика 34, стил на топлинска мапа со површини со сенка, многу јасно покажува каде било насочено и фокусирано вниманието на испитаник 3. На други делови од стимулот нема никаква сенка што укажува на фактот дека точките на поглед и фиксациите кај овој испитаник се насочени кон точно одредена област од стимулот (сладолед 2). Следните метрики ќе покажат колкав процент на доживеано време е реализирано за секој вид сладолед.

Слика 33: Топлинска мапа на испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот


Слика 34: Топлинска мапа (Shadow style) на испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот

На слика 35 е прикажана топлинска мапа во spotlight style каде што осветленоста на одреден сегмент на стимулот е пропорционална на нивото на интерес на испитаникот и бројот на точки на поглед и фиксации реализирани во одреден временски интервал на набљудување.

Слика 35: Топлинска мапа (Spotlight style) на испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот

На слика 36 е прикажана топлинска мапа со распоред на точки на фиксација на испитаник 3.

Слика 36: Топлинска мапа со точки на фиксација, испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот

На слика 37 е прикажана топлинска мапа со визуелизација на фокусирано внимание креирано за испитаник 4. Се забележува дека овој испитаник времето во кое го набљудувал стимулот, го потрошил за опсервација на сите 4 вида сладолед. Сепак, најмногу време поминал во следење на сладолед 4, што укажува дека тој е еден од неговите омилени и посакувани производи. Користењето на друга метрика (подолу опишана) која покажува редослед на движење на погледот на испитаникот, ќе овозможи да се донесат дополнителни докази за избор на посакуван сладолед.

Слика 37: Топлинска мапа на испитаник 4



Извор: Сопствен од авторот

На слика 38 е прикажана топлинска мапа со површини со сенка (Shadow style), кои укажуваат каде испитаникот најмногу го фокусирал својот поглед со најголемо ниво на интерес.


Слика 38: Топлинска мапа (Shadow style) на испитаник 4



Извор: Сопствен од авторот

На слика 39 е прикажана топлинска мапа со поединечни точки на фиксација за испитаник 4.

Слика 39: Топлинска мапа и точки на фиксација, испитаник 4



Извор: Сопствен од авторот

На слика 40 е прикажана топлинска мапа креирана со набљудување на стимул од испитаник 5. Од овој визуелен приказ се забележува дека овој испитаник има свој омилен производ (сладолед 1). Ова го покажуваат неговите очи кои го фокусирале

погледот и вниманието на конкретен детал од стимулот. Овде е недвосмислено потврдено дека испитаникот не го интересира ништо друго освен сладолед 1. Неговото ниво на интерес е максимално на само еден производ (го видел она што најмногу го посакува). Неговите очи го покажуваат она што го размислува неговиот мозок (тоа се потврдува и со анкетниот прашалник каде го заокружил сладолед 1).

Слика 40: Топлинска мапа на испитаник 5



Извор: Сопствен од авторот

Слика 41: Топлинска мапа и точки на фиксација на испитаник 5



Извор: Сопствен од авторот

На слика 41 е прикажана топлинска мапа со точки на фиксација за испитаник 5. Се забележува дека најголем дел од точки на фиксации се креирани на првиот

производ (сладолед 1), што покажува дека таму е најголемиот негов интерес (посакуван производ).


На слика 42 е прикажана топлинска мапа на испитаник 11, а на слика 43 и слика 44 се прикажани топлински мапи во други стилови на прикажување (сенка и осветленост) за истиот испитаник.

Слика 42: Топлинска мапа за испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

Слика 43: Топлинска мапа – осветленост, испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

Слика 44: Топлинска мапа, сенка стил, испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

На слика 45 е прикажана топлинска мапа со групирани фиксации (грозд) што покажува на кој производ испитаникот 11 покажал најголем интерес.

Слика 45: Топлинска мапа и поединечни фиксации (грозд) на испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

Слика 46: Динамичка фиксација на испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

На слика 46 е прикажана динамичка топлинска мапа во точно определен момент на набљудување (во 3-та секунда од вкупно 10 секунди). Може да се забележи дека во тој момент испитаникот 11 погледот го има насочено на сладолед 1. Оваа анализа овозможува да се набљудуваат психолошки моменти (преку дилатација на зеница и фреквенција на трепкање) на испитанок кога гледа во одреден производ.

6.2 Збирни анализи

На слика 47 е прикажана топлинска мапа креирана од збирен визуелен приказ на сите испитаници. Се забележува дека за сите испитаници (средна просечна вредност) најпосакуван производ е сладолед 1, а помалку останатите производи. Други реализирани метрики прикажани подолу во текстот, даваат дополнителни квалитативни и квантитативни (нумерички) информации и анализи за збирна опсервација од сите испитаници. Во пракса (маркетинг истражување со поголем број на испитаници од одредени таргет групи) вакви збирни анализи покажуваат на кој производ потрошувачите покажуваат најголем интерес (ова е сигнал дека овој производ најмногу ќе се купува). Затоа многу компании во светот сè повеќе користат вакви биосензорски истражувања и анализи во процесот на креирање маркетинг стратегија (невромаркетинг).

Слика 47: Топлинска мапа (Heat map)



Извор: Сопствен од авторот

Слика 48: Топлинска мапа (Spotlight style)



Извор: Сопствен од авторот

На слика 48 е прикажана збирна топлинска мапа (Spotlight style) каде интензитетот на осветленоста во одредени сегменти од стимулот е пропорционален на нивото на интерес на испитаниците, што е резултат на најголем број на креирани фокусации (погледи) и визулно го покажува интензитетот на фокусирано внимание.

Сликата недвосмислено покажува за кој производ испитаниците покажале најголем интерес.

Слика 49: Збирна топлинска мапа (Heat map – shadow style)



Извор: Сопствен од авторот

На слика 49 е прикажана збирна топлинска мапа (shadow style) каде површината на сенките е пропорционална на нивото на покажан интерес од сите испитаници. Визуелниот приказ покажува дека испитаниците најголем интерес покажале за сладолед 1, а нешто помал интерес за сладолед 2. За другите два производи интересот е многу мал (нема површини кои се прикажани со сенка – бројот на фиксации е помал од нивото на маргина за прикажување сенки).

Софтверот за креирање анализи од добиени податоци од биометриско мерење овозможува топлинските мапи (Heat maps) да се прикажуваат во статички и динамички стил. Во статички стил, сите фиксации се прикажуваат во целиот интервал на опсервација. Од друга страна, динамичкиот стил овозможува два начини на прикажување:

Play начин: Визуелно прикажување (реконструкција на реализирано следење на стимулот, збирно за сите испитаници или поединечно за секој испитаник) како се движело визуелното внимание во реално набљудување од почетокот до крајот на експонирање на стимулот (времетраење: 10 секунди). Со овој начин на прикажување може да се избере соодветна брзина на прикажување: со мала брзина може детално да се анализираат сите сегменти во процесот на следење на стимулот:

- да се определи каде одреден (и) испитаник (ици) гледал кога имал највисоко ново на возбуда (широко отворени зеници).
- како се формирале фиксациите во секој временски период на опсервација на стимулот.
- како се движел погледот на испитаниците:
    - каде прво погледнале,
    - кога го враќале погледот повторно на одреден сегмент од стимулот,
    - колку време се задржале при гледање одредени детали (време на доживување – Dwell time). Ова време е пропорционално на ниво на интерес и укажува на мотивација и свесно внимание.
    - време на прва фиксација (Time to First Fixation – TTFF) – време што е потребно на испитаникот да погледне одредена област на интерес од почетокот на следење на стимулот,
    - број на испитаници (од вкупниот број) кои гледале одреден сегмент од стимулот (бафер кој произволно го селектираме).

На слика 50 е прикажано динамичко збирно прикажување на четири испитаници во точно определен момент на набљудување. Стрелките покажуваат каде се насочени погледите на испитаниците.

Рачно прикажување: Со мануелно движење на подвижна вертикала, со избор на брзина по желба, се прикажува како се креирало визуелното внимание во кој било момент во период од 10 секунди. Ова овозможува да се анализираат одредени значајни сегменти од реализирано биосензорко мерење од аспект на емоционални доживувања и психолошка опсервација. Ова е исклучително значајно при стручно анализирање на одредени значајни сегменти карактеристични за одреден испитаник кој покажува нетипична опсервација. Ова се користи најмногу во медицински и психолошки истражувања на лица со аутистистично поведение, агресивно однесување, психолошки пореметувања и при реализација на психолошко тестирање.


Слика 50: Динамичко збирно анализирање



Извор: Сопствен од авторот

На слика 51 се прикажани фиксации (грозд структура) на сите испитаници. Ова е одличен визуелен приказ каде е најголем интересот на испитаниците. Ова е во корелација со други збирни анализи.

Слика 51: Распоред на фиксации (грозд) на сите испитаници



Извор: Сопствен од авторот

На слика 52 е прикажан динамички распоред на погледи на пет (5) испитаници во точно определен момент на набљудување. Стрелките ги покажуваат локациите на погледите.

Слика 52: Динамичко претставување на пет (5) испитаници



Извор: Сопствен од авторот

б) Низа од фиксации (Fixation sequences)

Овие анализи на креирани биосензорски мерења овозможуваат да се прават прегледувања и просторни и логички анализи само за поединечни испитаници. Не се можни збирни анализи бидејќи нема логика во исто време да се следи движењето на погледот на сите испитаници или збирно движење на погледи на многу лица кои го набљудувале стимулот. На слика 53 прикажани се низа на фиксации при набљудување на стимулот од страна на испитаник 2. Прикажан е редослед на фиксации (како се движел погледот на испитаникот од почеток до крај) и траење на секоја фиксација (големината на кругот е пропорционална на должината на времетраењето на погледот). Може да се забележи дека најмногу фиксации се генерирани на сладолед 1, а најмалку на сладолед 3. Исто така, на слика 53 е прикажана дилатација на лева и десна зеница на очите на испитаник 2. Се забележува дека нема големи отстапувања и високи вредности на дијаметарот на зениците, што укажува дека нема повисока вознемиреност кај лицето кое го набљудува стимулот.

Слика 53: Fixation sequences на испитаник 2




Извор: Сопствен од авторот

На слика 53 е прикажана и фреквенција на трепкање на испитаникот. Се забележува дека испитаникот има висока фреквенција на трепкање што индицира намалена фокусираност и намален фокус и зголемена поспаност. Трепкањата се со различно времетраење: кратки трепкања и долги трепкања. При детална анализа може да се утврди каде гледал испитаникот во кој било момент при ниво на дилатација на зениците и фреквенција на трепкање.

На слика 54 се прикажани низа на фиксации на испитаник 3. Се забележува дека фиксациите се сконцентрирани на сладолед 2 (што укажува на високо ниво на интерес), а многу малку (мали излети на погледот на други сладоледи) на останатите производи кои се наоѓаат на екранскиот стимул. Исто така, и времетраењето на фиксациите (поголеми кругови) е значајно поголемо кај вториот вид сладолед. Презентираните графики на дилатација на лева и десна зеница на испитаник 3 покажуваат дека: има големи дилатациски варијации (од ниски до високи вредности) што укажува и на варијации во нивото на возбуденост. Со детални динамички анализи на секој сегмент може да се детектира каде бил насочен погледот на испитаникот на стимулот при највисоко ниво на возбуда (максимално високи вредности на проширување на зениците). Исто така, се забележува и дека левата зеница има повисоки максимални вредности од десната зеница.


Слика 54: Fixation sequences на испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот

Од аспект на фреквенција на трепкање (има само едно многу кратко трепкање за целиот интервал на следење на екранскиот стимул) може да се заклучи дека испитаникот покажал ниска фреквенција што индицира дека за време на опсервација на стимулот, тој покажал високо ниво на концентрација во процесот на набљудување.

Слика 55: Fixation sequences на испитаник 4



Извор: Сопствен од авторот

На слика 55 се прикажани низа на фиксации на испитаник 4. Фиксациите се распоредени на сите четири производи на стимулот со нешто поголеми вредности на сладолед 4, што укажува дека испитаникот нема свој омилен сладолед или не го препознал во понудените видови сладолед.

При анализа на дилатација на зениците, се забележува дека тие имаат нормални вредности на дијаметар на зениците, што укажува дека испитаникот релаксирано (смирено) го набљудувал стимулот, без да покаже одредено повисоко ниво на возбуденост. Притоа, и двете зеници имаат слични максимални вредности на проширување, кои се индикативни во период кога се појавиле две трепкања. Првото пократко трепкање е направено со двете очи истовремено (се регистрира затворање на зениците). Второто подолго трепкање е направено само со десното око (регистрирано е затворање само на десната зеница, додека левата зеница е отворена со максимална дилатациска вредност). Ниската фреквенција на трепкање укажува на високо ниво на концентрација и фокусираност од страна на испитаникот. Ова индицира дека испитаникот сериозно и концентрирано пристапил во својство на испитаник, а самата содржина на екранската слика во својство на стимул не придонела за зголемено ниво на возбуденост.

На слика 56 се прикажани низа на фиксации на испитаник 5. Може да се забележи дека за цело време на траење на набљудувањето на стимулот, испитаникот

својот поглед го фокусирал единствено на сладолед 1 (негов омилен производ). На другите видови сладолед тој воопшто не сакал да погледне. Исто така, и на анкетниот прашалник тој недвосмислено го заокружил омилениот сладолед 1 (страчатела). Во првите моменти на следење на стимулот, испитаникот погледот го насочил во средината на сликата и многу бргу го пронашол омилениот сладолед. Во тој момент неговите две зеници биле широко отворени што покажува високо ниво на возбуда. Тогаш неговиот поглед останал само на тој сладолед (до крајот на следењето на стимулот), а дилатацијата на зеницата се намалила што укажува дека испитаникот продолжил да го гледа омилениот сладолед со намалено ниво на возбуда (смиреност).


Слика 56: Fixation sequences на испитаник 5



Извор: Сопствен од авторот

За цело време на траење на набљудувањето, испитаникот покажал висока концентрација (нема ниту едно трепкање во целиот интервал – "многу ниска фреквенција на трепкање").

Слика 57: Fixation sequences на испитаник 11



Извор: Сопствен од авторот

На слика 57 е прикажана низа од фиксации со нумерички броеви во круговите кои покажуваат редослед на погледи на испитаникот: прв, втор, трет итн.

в) Области на интерес **(**Areas of Interest - AOI**),** поединечни анализи за секој испитаник посебно.

Области на интерес претставуваат посебни кориснички подрегиони на секој стимул, чии метрики се користат за проценка на перформанси на две или повеќе однапред селектирани (избрани) специфични области (бафер зони). Со нив може да се реализираат споредбени анализи на одредена група на испитаници, при одредени услови или различни карактеристики на одреден сегмент на поставен екрански стимул (слика, видео, веб-страница, текст и др.).

На слика 58 е прикажана област на интерес (селектирани се четири (4) бафер зони за сите производи на стимулот) и се добиени повеќе измерени параметри (метрики) и тоа:


- **Време на доживување** (ms) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
  - **сладолед 1**:1633,6 ms.
  - **сладолед 2**: 900,0 ms.

- **сладолед 4**: 733,3 ms.
- **сладолед 3**: 116,7 ms.

- **Време на доживување** (%) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
  - **сладолед 1**:16,3 %.
  - **сладолед 2**: 9,0 %..
  - **сладолед 4**: 7,3 %..
  - **сладолед 3**: 1,2 %.

Оваа метрика покажува дека најголем процент од времето на набљудување испитаникот потрошил во следење на бафер област 1 (сладолед 1) и тоа 16,3 **%** од вкупното време (10 секунди). Од друга страна, на анкетниот прашалник испитаникот го избрал (заокружил) сладолед 4. Ова покажува дека на анкетниот прашалник (свесно размислување) испитаникот немал свој омилен производ и се двоумел помеѓу неколку понудени. Тоа го покажал и на биосензорското мерење (потсвесно размислување) каде има мала разлика во % помеѓу три производи.

Слика 58: Areas of interest на испитаник 2



	AOI Sladoled 1	AOI Sladoled 2	AOI Sladoled 4	AOI Sladoled 3
Information				
AOI duration (ms)	9997.2	9997.2	9997.2	9997.2
AOI duration (%)	100	100	100	100
Size (cm2)	77.1	71.8	80.8	82.3
Size (%)	9.7	9	10.2	10.3
Respondent base	1	1	1	1
Fixation based metrics				
Respondent ratio (%)	100	100	100	100
Revisit count	1	0	1	0
Fixation count	7	4	7	1
TTFF AOI (ms)	1252.8	2936.3	3969.6	352.8
Dwell time (ms)	1633.6	900	733.3	116.7
Dwell time (%)	16.3	9	7.3	1.2
First fixation duration (ms)	100	333.3	200	116.7
Saccade based metrics				
Respondent ratio (%)	100	100	100	100
Saccade count	8	7	25	1
Amplitude (deg)	2	2.7	2.8	1.2
Peak velocity (deg/s)	83.5	92.3	90	36.4


Извор: Сопствен од авторот

- **Време на прва фиксација** (Time to first fixation – ms). Време (од почеток на следење на стимулот) за кое испитаникот првпат погледнал во селектирана бафер област.
    - **сладолед 3**: 352,8 ms.
    - **сладолед 1**: 1252,8 ms.
    - **сладолед 2**: 2936,3 ms.
    - **сладолед 4**: 3969,6 ms.
- **Број на фиксации** (Fixation count). Сладолед 1 (7 фиксации), сладолед 4 (7), сладолед 2 (4) и сладолед 3 (1 фиксација). Ова покажува дека сладолед 1 (најпосакуван со биосензорско мерење) и сладолед 4 (избор на анкетен прашалник) имаат најмногу фиксации (погледот најмногу се фокусирал на нив).
- **Број на повторна посета** (Revisit count). Сладолед 1 и сладолед 4 имаат по една повторна посета (испитаникот се навраќал на нив повторно со погледот). Другите сладоледи немаат повторна посета. Ова индицира дека испитаникот покажал поголем интерес кон овие производи.

На слика 59 е прикажана област на интерес на селектирани 4 бафер области за испитаник 3 и се добиени повеќе измерени параметри (метрики) и тоа:

- **Време на доживување** (ms) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
    - **сладолед 2**: 6473,6 ms.
    - **сладолед 3**: 583,7 ms
    - **сладолед 4**: 583,2 ms.
    - **сладолед 1**: 316,9 ms.
- **Време на доживување** (%) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
    - **сладолед 2**: 64,8 %.
    - **сладолед 3**: 5,8 %..
    - **сладолед 4**: 5,8 %..
    - **сладолед 1**: 3,2 %.

Слика 59: Areas of interest на испитаник 3



Извор: Сопствен од авторот

Оваа метрика покажува дека најголем процент од времето на набљудување испитаникот потрошил во следење на бафер област 2 (сладолед 2) и тоа 64,8 % од

вкупното време (10 секунди). Од друга страна, на анкетниот прашалник испитаникот, исто така, го избрал (заокружил) сладолед 2. Ова покажува дека на анкетниот прашалник (свесно размислување) испитаникот имал свој омилен производ и воопшто не бил во дилема. Тоа го покажал и на биосензорското мерење (потсвесно размислување) каде има голема разлика во % со другите производи.

- **Време на прва фиксација** (Time to first fixation – ms). Време (од почеток на следење на стимулот) за кое испитаникот првпат погледнал во селектирана бафер област.
    - **сладолед 2**: 0,0 ms.
    - **сладолед 1**: 1373,9 ms.
    - **сладолед 4**: 2090,8 ms.
    - **сладолед 3**: 2574,0 ms.


Ова укажува дека испитаникот веднаш погледнал на својот омилен сладолед (сладолед 2) (**TTFF**=0,0 sec).

- **Број на фиксации** (Fixation count). Сладолед 2 (19 фиксации), сладолед 3 (3), сладолед 4 (2) и сладолед 1 (2 фиксација). Ова покажува дека **сладолед 2** (најпосакуван со биосензорско мерење и со анкетен прашалник) има далеку најмногу фиксации (погледот најмногу се фокусирал на него).
- **Број на повторна посета** (Revisit count). Сладолед 2 има 7 повторни посети (испитаникот се навраќал на нив повторно со погледот). Другите сладоледи имаат по една повторна посета. Ова индицира дека испитаникот покажал најголем интерес кон сладолед 2.

На слика 60 е прикажана област на интерес на селектирани 4 бафер области за испитаник 4 и се добиени повеќе измерени параметри (метрики) и тоа:

- **Време на доживување** (ms) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
    - **сладолед 4**: 2999,3 ms.
    - **сладолед 2**: 2249,5 ms.
    - **сладолед 3**: 1800,5 ms.
    - **сладолед 1**: 1433,6 ms.

Слика 60: Areas of interest на испитаник 4



	AOI Sladoled 4	AOI Sladoled 2	AOI Sladoled 3	AOI Sladoled 1
Information				
AOI duration (ms)	9998.8	9998.8	9998.8	9998.8
AOI duration (%)	100	100	100	100
Size (cm2)	80.8	71.8	82.3	77.1
Size (%)	10.2	9	10.3	9.7
Respondent base	1	1	1	1
Fixation based metrics				
Respondent ratio (%)	100	100	100	100
Revisit count	2	2	1	1
Fixation count	10	6	6	3
TTFF AOI (ms)	0	565.4	2715.3	248.5
Dwell time (ms)	2999.3	2249.5	1800.5	1433.6
Dwell time (%)	30	22.5	18	14.3
First fixation duration (ms)	198.5	649.8	66.9	267
Saccade based metrics				
Respondent ratio (%)	100	100	100	100
Saccade count	8	3	6	1
Amplitude (deg)	1.4	1.2	1.3	NA
Peak velocity (deg/s)	77.8	44.1	40	41.6

Извор: Сопствен од авторот

- **Време на доживување** (%) (dwell time – потрошено вкупно време за следење на селектирана бафер област).
  - **сладолед 4**: 30,0 %.
  - **сладолед 2**: 22,5 %..
  - **сладолед 3**: 18,0 %..
  - **сладолед 1**: 14,3 %.

Оваа метрика покажува дека најголем процент од времето на набљудување испитаникот потрошил во следење на бафер област 4 (сладолед 4) и тоа 30,0 % од вкупното време (10 секунди). Од друга страна, на анкетниот прашалник испитаникот го избрал (заокружил) сладолед 2. Ова покажува дека на анкетниот прашалник (свесно размислување) испитаникот немал свој омилен производ и се двоумел помеѓу неколку понудени. Тоа го покажал и на биосензорското мерење (потсвесно размислување) каде има релативно мала разлика во % помеѓу сите производи.

- **Време на прва фиксација** (Time to first fixation – ms). Време (од почеток на следење на стимулот) за кое испитаникот првпат погледнал во селектирана бафер област.


- **сладолед 4**: 0.0 ms.
- **сладолед 1**: 248.5 ms.
- **сладолед 2**: 565.4 ms.
- **сладолед 3**: 2715.3 ms.

Ова укажува дека испитаникот веднаш погледнал на сладолед 4 (**TTFF**=0.0 sec) кој е негов прв избор со биосензорско мерење.

